# И З В Е С Т У В А Њ Е

На **9.11.2016 година (среда**), ќе се одржи спортско рекретивен и забавен ден, 32. есенска студентска планинарска тура „Водно 2016 година“.

Традиционално, покровител на Планинарската тура е ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Оваа спортска активност се одржува по повод „13 Ноември“ - Денот на ослободувањето на град Скопје.

На целта на Средно Водно е обезбеден чај а студентите од Факултетот за музичка уметност ќе организираат забава.

За да можат да земат учество на планинарската тура на овој ден се ослободуваат од редовните обврски студентите од прва година, а по можност и останатите студенти.

Се поканувaат и професорите и соработниците.

Стартот на планинарската тура е **со почеток во 10,00 часот** од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, а учесниците треба да бидат присутни пред институтот **во 9,30 часот.** Притоа, ги молиме сите учесници да бидат облечени по можност во соодветна спортска опрема.

Д Е К А Н,

Проф. д-р Јане Ацевски